Center for Economic Analyses
PR cell phone: +389 (0)70 584-104
Email: ilina.ristoska@gmail.com or
vesnaxxx@excite.com
www.cea.org.mk
www.lsg-data.org.mk

*Центарот за Економски Анализи (ЦЕА) е "think tank" на економисти кои ја делат заедничката визија за Република Македонија како нова растечка Европска економија интегрирана во регионалниот и светскиот Пазар.*

*Мисијата на ЦЕА е континуирано да врши истрадувања за економскиот развој и економската политика на Република Македонија и врз основа на тоа да понуди препораки, предлози и мерки каде што смета дека е соодветно.*

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

## ЦЕА ги презентираше наодите од идентификување и мерење на трансакционите трошоци во македонската економија

Центарот за економски анализи-ЦЕА претставуван од претседателот Марјан Николов изготви идентификување и мерење на трансакционите трошоци во македонската економија по барање на ФИООМ Македонија.

Основните заклучоци од анализата беа:

- Сега по одговорот од ЕУ на прашалникот, ситуацијата илустрирана на графикот само покажува дека Македонија е под просекот на патот кон транзицијата и треба уште многу да направи на полето на стабилност на институциите, развој на функционална пазарна економија и способност за превземање на обврски на полето на политиката, економијата и монетарната унија (ткн. Копенхагенски критериуми) иако на почетокот на транзицијата имаше подобра стартна основа од сега веќе земји членки во

**EBRD tranzicioni indikatori za izbrani zemji**



ЕУ.

- Загуба во БДП раст од неефикасност во започнување на бизнис е прикажана на следната табела 1. Имено, секое од просечно 1500-те новосоздадени претпријатија во Македонија (претпоставка дека сите се мали) за секој ден неработење ја чини Македонија во просек по 6300 денари новосоздадена вредност или тоа е дневно околу 9 милиони денари додадена вредност или 2.5 милијарда МКД годишно изгубена додадена вредност (ако пресметуваме 261 работен ден). Овие 2.5 милијарди МКД се околу 1 процент од вкупната годишна додадена вредност во Македонија.

Табела 1. Загуба во БДП раст од неефикасност во започнување на бизнис за мало претпријатие.

| | 2003/2002 Македонија во прв квартил | 2003/2002 Македонија во втор квартил |
|---|---|---|
| Бруто Домашен Производ | 4.01 | 3.96 |

Од табела 1. се гледа дека Македонија губи околу 0.1 процентни поени годишен раст на БДП по основ на неефикасно започнување на бизниси или тоа се 9.5 милиони МКД дневно или околу 150000 евра дневно.

- Од спроведената анкета со бизнисите во Македонија се дојде до следниве сознанија:

*Институции и бизниси*

(1) Најчесто споменувани институции и причини за зголемени трансакциони трошоци се: УЈП, Царинска Управа, законот за работни односи, некоординираност помеѓу министерствата, судските постапки и судот, стечајни постапки, тендери, партиска администрација и притисоци како и издавање на разни одобренија и права од министерства.

*Администрација*

(2) Во однесувањето на администрацијата и нејзиното секојдневно работење се осеќа комотност во непочитување на законски пропишани рокови за бизнисите да се здобијат со некое право. Администрацијата од средно ниво и нивниот техничкиот капацитет со начинот на кој ги даваат услугите го мотивираат прашањето дали пропишаните постапки и процедури се премногу ригорозни или администрацијата е со слаб капацитет да го процесуира или е тоа резултат на комбинација од овие два фактори. Дел од овој проблем е можеби што недостасува мерење на перформанси за вработените во администрација па еднаш воспоставените работни односи се доживуваат како загарантирано работно место независно од резултатите од работење. На овој начин се доведува во прашање и самата имплементација на законските решенија. Можеби е

одговорот во повеќе обука и информации, а можеби и во отстранување на партиските влијанија.

(3) Интересно е да се потенцира и издавање на документи кои носат со себе само непотребно администрирање и непотребни трошоци за бизнисите. Проблемот е што државата во ажурирање на процедурите и постапките не ги следи брзите промени во конкурентните услови на работење и не ги консултира бизнисите, но се потенцира и штетноста од пречеста промена во законската регулатива. Одредени дејности не се целосно регулирани.

(4) Делот на информирање за промените и регулативите т.е. информации и нивна достапност до бизнисите е од клучна важност.

(5) Се потенцира и делот на мониторинг и контрола во постоење на стандарди и лаборатории.

*Општ тренд и специфики на поднебјето*

(6) Сериозен недостиг на нашата деловна клима е и (не)квалитетот на човечките ресурси како и развојот на професиите и нивното професионално и етичко однесување. За жал прашањето дали имаме квалифицирани луѓе или имаме проблем на лоша работна етика останува отворено. Едноставно луѓето не се научени да работат со капацитетот кој што е потребен, кој што овој пазар и нови услови на работење го бараат.

(7) Повеќе се води сметка за лични познанства и лобирања отколку за почитување на законите како правила на игра.

(8) Општата состојба на намалена куповна моќ можеби во комбинација со менталитет носи со себе очекувања да некој кој врши административна работа биде награден за тоа што претставува негова работна задача. Овој тип на очекувања се двосмерни и од корисникот и од страна на администрацијата.

(9) Некои претставници на бизнисите не сакаат да работат со државни институции затоа што слаба е наплатата и не сакаат да имаат контакти со нив. Проблем е што се собираат средства за исплата на добавувачи од државни органи и потоа се бара процент за акумулирана исплата иако тоа е обврска која секако треба да биде подмирена.

(10) Конфузниот начин на работа и некоординираноста со чести мешања на политиката во бизнис секторот носи со себе неизвесност и несигурност што пак ја уништува во старт основната функција на секоја организација па и граѓанин на Македонија, а тоа е планирањето. Ова особено е деструктивно за планирање на готовинските приливи, планирање на наплата и плаќања, што создава општ амбиент на неизвесност како неповолна клима за работење. Ова со себе создава повеќе простор за инцидентни решенија кои се од палијативен карактер и подложни на чести грешки и кои мотивираат и однесување од страна на бизнисите надвор од законските рамки. Системот на мониторинг во разни комисии и во судовите на овој начин стануваат пренатрупани и со банални предмети и се одзема време и фокус кој треба да е алоциран кон потешки криминални дејанија и девијации во економијата.

(11) Сивата економија носи со себе нелојална конкуренција.

Целосниот извештај може да се симне од: www.cea.org.mk во Проекти.